РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

УП I бр. 25-788
26-12-2018.2018 година
Скопје

Министерот за економија врз основа на член 56 став (1) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр.140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16) постапувајќи по барањето од Друштвото за услуги, трговија и производство АВТО-СИГУРНОСТ увоз-извоз ДОО Струмица УП I бр.25-788 од 28.11.2018 година, донесе

# РЕШЕНИЕ
## ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ТЕХНИЧКА СЛУЖБА

1. Се овластува Друштвото за услуги, трговија и производство АВТО-СИГУРНОСТ увоз-извоз ДОО Струмица, за вршење на работи на техничка служба, на инспекциските места: инспитно место 1- Подружница, Станица за технички преглед на моторни возила – Струмица, лоцирано на ул.Миле Колев бр.6 Струмица и на инспитно место 3- Подружница, Станица за технички преглед на моторни возила – Битола, лоцирана на ул. Кафтанцица бр.1 Битола, за следните постапки:

а) - Единечно одобрување на возила од категориите L, M, N, O, T и R согласно член 2 став 1 и став 3 од Правилникот за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија"бр.16/10, 62/10, 105/10, 13/11, 39/11, 169/11, 185/11, 84/12, 132/12, 153/12, 59/13, 138/13, 29/14, 35/14, 119/14, 168/14 и 182/16); и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата („Службен весник на Република Македонија" бр.21/10);

б) – Одобрување на преправено возило од категориите M, N и O согласно член 6 точка 1, 4 и 10 и член 7 секторски по точка 1 (ТНГ), 3, 4, 5 и 13 од Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила („Службен весник на Република Македонија" бр.7/10);

в) - Инспекција при утврдување и втиснување на идентификациски ознаки на возила (број на шасија и број на мотор) согласно член 57 став (1) алинеја 5 од Законот за возила и Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и формата и содржината на водење на евиденцијата на издадени одобренија и на начинот и постапката за обележување и поништување на идентификациските ознаки на шасијата и/или моторот на возилото („Службен весник на Република Македонија" бр.109/16).

2. Со влегувањето во сила на ова решение престанува да важи решението со број УП-I бр. 25-135 од 19.10.2016 година.

### О б р а з л о ж е н и е

Друштвото за услуги, трговија и производство АВТО-СИГУРНОСТ увоз-извоз ДОО Струмица до Министерството за економија поднесе барање УП I бр.25-788 од 28.11.2018 година со кое бара овластување за техничка служба, поради проширување на опсегот на акредитација.

Министерството за економија, постапувајќи по поднесеното барање, Предлогот за овластување од органот за одобрување – Биро за метрологија бр.1609-1075/6 од 27.11.2018 година, Сертификатот за акредитација за инспекциско тело бр. ИТ-046 од 10.05.2011 година со важност до 09.05.2019 година и неговиот Прилог издаден на 11.09.2018 година од

Институтот за акредитација на Република Македонија, изврши увид во доставената документација и одредбите од наведената законска регулатива во поднесеното барање, при што утврди дека Друштвото за услуги, трговија и производство АВТО-СИГУРНОСТ увоз-извоз ДОО Струмица се овластува за техничка служба на инспекциските места, испитно место 1- Подружница, Станица за технички преглед на моторни возила – Струмица, лоцирано на ул.Миле Колев бр.6 Струмица и испитно место 3- Подружница, Станица за технички преглед на моторни возила – Битола, лоцирана на ул. Кафтанџица бр.1 Битола, за следните постапки:

а) - **Единечно одобрување на возила од категориите L, M, N, O, T и R** согласно член 2 став 1 и став 3 од Правилникот за единечно одобрување на возила и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата;

б) – **Одобрување на преправено возило од категориите M, N и O** согласно член 6 точка 1, 4 и 10 и член 7 секторски по точка 1 (ТНГ), 3, 4, 5 и 13 од Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила;

в) - **Инспекција при утврдување и втиснување на идентификациски на возила (број на шасија и број на мотор)** согласно член 57 став (1) алинеја 5 од Законот за возила и Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и формата и содржината на водење на евиденцијата на издадени одобренија и на начинот и постапката за обележување и поништување на идентификациските ознаки на шасијата и/или моторот на возилото.

Кон барањето се поднесени следните документи:

- Предлог за овластување за вршење дејност - техничка служба, издаден од Органот за одобрување – Бирото за метрологија со бр. 1609-1075/6 од 27.11.2018 година со Известување за вработените од Друштвото за услуги, трговија и производство АВТО-СИГУРНОСТ увоз-извоз ДОО Струмица кои учествуваа во надзорното оценување за проширување на опсегот на регистрација бр.08-253/9 од 15.10.2018 година издаден од Институтот за акредитација на Република Македонија;

- Сертификат за акредитација на инспекциско тело бр.ИТ-046 од 27.05.2016 година од 10.05.2011 година со важност до 09.05.2019 година и неговиот Прилог издаден на 11.09.2018 година од Институтот за акредитација на Република Македонија;

- Доказ за тековната состојба на правното лице од единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица, издаден од Централниот регистар на Република Македонија со деловоден бр.0805-50/150820180006644 од 18.09.2018 година;

- Доказ за сопствен деловен простор на испитно место 1- Подружница, Станица за технички преглед на моторни возила – Струмица, лоцирано на ул.Миле Колев бр.6 Струмица - имотен лист број: 14718 извод, Катастарска општина:Струмица, бр.1105-16179/2016 од 12.07.2016 год. издаден од Агенција за катастар на недвижности и доказ за склучен договор за закуп на деловен простор за испитно место 3- Подружница, Станица за технички преглед на моторни возила – Битола, лоцирана на ул. Кафтанџица бр.1 Битола, заверен на нотар со бр.УЗП 5905/18 од 19.09.2018 година;

- Доказ за за техничка опременост- Извештај за извршена контрола на функционалност и исправност на контролните уреди и опрема бр.040/18 од 06.09.2018 за испитно место 1- Подружница, Станица за технички преглед на моторни возила – Струмица, лоцирано на ул.Миле Колев бр.6 Струмица и бр.032/18 од 06.07.2018 за испитно место 3- Подружница, Станица за технички преглед на моторни возила – Битола;

- Информација за економско финансиската состојба број 0905-22/103 од 18.09.2018 година, издаден од Централен регистар на Република Македонија;

- Доказ за склучен договор за осигурување од одговорност од дејност кон трети лица со КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ, полиса бр.130080000629 со важност до 23.05.2019 година;

- Доказ за вработени (копии од обрасците М1/М2) и доказ за стручно образование за:

а) испитното место 1- Подружница, Станица за технички преглед на моторни возила – Струмица, лоцирано на ул.Миле Колев бр.6 Струмица и тоа:

1. Горанчо Козовски, дипл.маш.инж, насока – механизациони машини и возила;
2. Лика Исак, дипл.маш.инж насока – заварување и заварени конструкции;
3. Слободан Филипов, дипл.маш.инж. насока – моторни возила;

б) испитното место 3- Подружница, Станица за технички преглед на моторни возила – Битола и тоа:

1. Никола Василев, дипл.маш.инж;
2. Благоја Недановски, дипл.маш.инж насока – механизациони машини и возила;
3. Љупчо Поповски, дипл.маш.инж насока – заварување и заварени конструкции;

Министерството за економија, постапувајки по поднесеното барање и одредбите од Законот за возила, Правилникот за единечно одобрување на возило, Правилникот за одобрување на нови моторни и приклучни возила, системи, составни делови и самостојни технички единици наменети за таквите возила, Правилникот за одобрување на тип на моторни возила со две или три тркала, Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила, Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и основно оптоварување на возилата и Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и формата и содржината на водење на евиденцијата на издадени одобренија и на начинот и постапката за обележување и поништување на идентификациските ознаки на шасијата и/или моторот на возилото, утврди дека барањето е основано.

Врз основа напред изнесеното, а согласно член 56 став (1) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10 и 145/10) во износ од 2.000,00 денари е залепена на поднесокот и поништена.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**МИНИСТЕР,**
Kreshnik Bekteshi

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА СКОПЈЕ

Комисија во состав:
Нериман Целадини, претседател
Јане Шапардановски, зам. претседател
Пеце Андоноски, член
Марика Илијевска, член